Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5336/3
31.05. 2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 382, член 383 и член 384 од Законот за трговските друштва, одредбите од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, член 20 и член 21 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), Собранието на друштвото на својата седница, одржана на 31.05.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за бришење на дејност запишана во трговскиот регистар**

1. Во податоците запишани во Трговскиот регистар што се води при Централниот Регистар на Република Северна Македонија, во делот дејности, се бришат:
   - дејноста 66.22 - дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.
   - дејности во надворешно трговскиот промет.
2. Се задолжува и овластува Претседателот на управниот одбор на Друштвото да ги презме сите неопходни дејствија и да ја потпише целокупно неопходната документација за бришење на податоците од Трговскиот регистар што се води при Централниот Регистар, како во став 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, во податоците кои се однесуваат на Друштвото, во делот дејности е запишано дека главна приходна шифра на Друштвото е 65.12 - неживотно осигурување, односно запишано е дека Друштвото ги врши следните дејности во внатрешниот промет: 65.12 - неживотно осигурување, 65.20 - реосигурување, 66.21 - процена на ризици и штети и 66.22 - дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници, и запишано е дека Друштвото врши други дејности: регистрирани дејности во надворешно трговскиот промет. Претходното е евидентно од Тековна состојба бр. 0805-50/150020230252875 од 27.09.2023 година издадена од Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Податоците кои се запишани во Трговскиот регистар дека Друштвото врши работи во внатрешниот промет 66.22 - дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници и дека врши работи регистрирани во надворешно - трговскиот промет не се во согласност со предметот на работење на Друштвото утврден во член 7 од Статутот на Друштвото (пречистен текст) бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година, каде е запишано дека Друштвото врши само работи на неживото осигурување и реосигурување. Претходните податоци исто така не се во согласност и со Дозволата за вршење на работи на осигурување на Друштвото издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување бр. 19-57/17 од 21.04.2017 година, каде е запишано дека Друштвото може да врши работи на неживотно осигурување во дефинирани класи на осигурување и работи на осигурување.

Согласно член 12 од Законот за супервизија на осигурување друштвата за осигурување може да вршат само работи на осигурување, работи на реосигурување и/или работи на осигурување и реосигурување. Согласно 134-а од Законот за супервизија на осигурување, вршењето на работи на застапување во осигурување и осигурителни посредници е предмет на посебна дозвола која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување како регулатор на пазарот на осигурување, односно работи на застапување во осигурување

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

може да вршат само друштва за застапување во осигурување кои имаат добиено дозвола за застапување во осигурување. Друштвото нема дозвола за застапување во осигурување и посредување, Друштвото има дозвола за вршење на работи на неживотно осигурување и работи на реосигурување.

Согласно член 7 од Законот за супервизија на осигурување, работи на осигурување може да вршат друштва за осигурување регистрирани на територијата на Република Северна Македонија кои имаат довозола за вршење на работи на осигурување издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување. Согласно член 6 од Законот за супервизија на осигурување, друштвата за осигурување може да вршат работи на осигурување во една или повеќе класи на осигурување, во рамките на една од групите на осигурување. Претходно споменатите одредби од Законот за супервизија на осигурување упатуваат на заклучок дека друштвата за осигурување регистрирани на територијата на Република Северна Македонија не може да вршат дејности во надворешно трговскиот промет, односно може да вршат работи на осигурување, работи на реосигурување или работи на осигурување и реосигурување на територијата на Република Северна Македонија.

Поради претходно споменатото, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________________
**Ангел Шојлев**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
-Виена Иншуренс Груп-